**ЈАНЕВ, Драган**[1]

**УДК: 342.7.037-053.2/.6:340.13(497.7)**
**364.63-053.2/.6:004.738.5]:340.13(497.7)**

## КИБЕРНАСИЛСТВО НИЗ ПРИЗМА НА ПРАВДАТА ЗА ДЕЦАТА

**Апстракт**

Насилството на социјалните мрежи во денешно време е огромен и лош предизвик за децата. Од социјалните мрежи до онлајн игрите, децата се изложени на различни форми на кибермалтретирање. Ова вклучува закани, говор на омраза, онлајн вознемирување, изнуда, па дури и (кибер) сексуален напад. Додека интернетот нуди безброј можности за учење и поврзување со луѓе ширум светот, тој е и платформа за потенцијално опасни и штетни активности.

Законодавството игра клучна улога во заштитата на децата од дигитална злоупотреба. Законодавството треба соодветно да се ажурира за да одговори на променливите технологии и закани. Во исто време, неопходно е да се обезбеди ефикасна соработка меѓу владата, образовните институции, семејствата и онлајн платформите за спречување и борба против дигиталното насилство. Едукацијата на децата за безбедно и одговорно користење на интернет е од суштинско значење, обезбедувајќи информации за препознавање на потенцијалните ризици и техники за заштита на нивните лични информации.

Од суштинско значење е правата на децата да бидат заштитени во дигиталниот простор, како и во реалниот свет. Судот мора да обезбеди ефективни механизми за спроведување на законот за казнување на оние кои вршат дигитално насилство врз децата, истовремено обезбедувајќи поддршка и заштита за жртвите. Активната соработка помеѓу сите засегнати страни е од суштинско значење за да се создаде безбеден и одржлив дигитален простор за сите деца.

***Клучни зборови:*** *насилство, кибермалтретирање, онлајн вознемирување.*

**JANEV Dragan**[2]

**UDK: 342.7.037-053.2/.6:340.13(497.7)**
**364.63-053.2/.6:004.738.5]:340.13(497.7)**

## CYBER VIOLENCE THROUGH THE PRISM OF JUSTICE FOR CHILDREN

**Abstract**

Violence on social media nowadays is a huge and bad challenge for children. From social media to online games, children are exposed to various forms of cyberbullying. This includes threats, hate speech, online harassment, extortion and even cyber-sexual assault. While the Internet offers countless opportunities to learn and connect with people around the world, it is also a platform for potentially dangerous and harmful activities.

Legislation plays a key role in protecting children from digital abuse. Legislation needs to be updated accordingly to respond to changing technologies and threats. At the same time, it is necessary to ensure effective cooperation between the government, educational institutions, families and online platforms to prevent and fight against digital violence. Educating children about safe and responsible use of the Internet is essential, providing

---

[1] Драган Јанев е студент на втор циклус на Правни студии на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија. Email: dragan.207668@student.ugd.edu.mk

[2] Dragan Janev is an MA student in Legal studies at the Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia. Email: dragan.207668@student.ugd.edu.mk

information on recognizing potential risks and techniques for protecting their personal information.

It is essential that children's rights are protected in the digital space as well as in the real world. The court must provide effective law enforcement mechanisms to punish those who commit digital violence against children, while providing support and protection for victims. Active collaboration between all stakeholders is essential to create a safe and sustainable digital space for all children.

***Key words:*** *violence, cyberbullying, online harassment.*

**Вовед**

Кибернасилство е глобален феномен кој сериозно влијае врз децата и младите. Како резултат на дигиталната трансформација и широката употреба на интернетот и социјалните мрежи, кибернасилство станува се поприсутно и тешко за контролирање, превенција и спречување. Во овој труд, ќе разгледаме што претставува кибернасилство, неговите ефекти врз децата и како правосудниот систем може да одговори на овој проблем за да обезбеди заштита и правда за жртвите. Кривичниот законик го има инкриминирано насилството во Член 386, според кој:

„Тој што малтретира друг, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.“

Насилството може да се појави во различни форми, т.е. физичко, сексуално, семејно, психичко, емоционално, вербално, врсничко. Во последно време сме сведоци на честото врсничко насилство и затоа ова истражување ќе стави акцент токму на ваквиот вид на насилство, која како една чувствителна тема ги опфаќа децата. Поимот дете е регулиран со Законот за правда на децата[3], Законот за заштита на децата[4] и Кривичниот законик[5]. Имено, под поимот дете се опфатени сите лица кои немаат наполнето 18 години.

**Поим на врсничко насилство**

Врсничкото насилство е значителен проблем во училишните средини кој може да има длабоки и долготрајни последици врз физичкото и менталното здравје на децата. Оваа форма на насилство се однесува на агресивни или навредливи дејствија од страна на учениците кон нивните врсници што може да вклучува физичко, вербално или психолошко малтретирање (Olweus, 1993). Истражувањата покажуваат дека жртвите на врсничко насилство често доживуваат анксиозност, депресија, намалена самодоверба и проблеми со академските постигања (Espelage & Swearer 2003). Дополнително, врсничкото насилство може да води до долгорочни психолошки последици, како што се посттрауматски стрес и дури и самоубиствени мисли (Kim et al, 2006).

Насилството меѓу врсниците (*булинг*), генерално може да означува злоупотреба, силеџиство и малтретирање. Врсничко насилство постои кога се манифестираат агресивни, намерни и ненамерни постапки меѓу децата, кога едно или група на деца вознемируваат, напаѓаат или повредуваат друго дете кое не може да се одбрани. *Булингот* значи агресија на посилниот кон послабиот. Овие постапки се долготрајни и повторливи се со цел другиот да се заплаши или повреди.

Националната правна рамка за заштита на децата од насилство е широка и опфаќа неколку закони како Законот за правда на децата, Закон за заштита на децата,

---

[3] Закон за правда за децата (,,Службен весник на РСМ“ бр.66/24 од 20.03.2024)- Чл. 19 -,, дете е секое лице на возраст до 18 години’’

[4] Закон за заштита на децата (,,Службен весник на РСМ од 07.11.2022’’)- Чл. 11 ,, Како дете, во смисла на овој закон, се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот’’

[5] Кривичен Законик на РСМ (Службен весник на РСМ од 07.09.2023’’) - Чл. 122 ст. 22,,Под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години’’

Кривичниот законик на РСМ, Закон за социјална заштита, Законот за основното образование и од големо значење е Конвенцијата за правата на децата усвоена од Генералното собрание на ОН на 20 ноември 1989 година[6]. Некои од нив вклучуваат одредби за регулирање на врсничкото насилство, додека други пак ја регулираат материјата за заштита на децата од секаков вид насилство.

За да дојдеме до поимот на врсничко насилство како насилство меѓу врсниците кое опфаќа злоупотреба и малтретирање од едно кон друго дете, најпрво ќе се запознаеме со насилството во училиштата.

Најприфатена дефиниција за врсничкото насилство е: „Врсничко насилство (*булинг*) претставува постојана и намерна злоупотреба на моќ во односите помеѓу врсниците преку повторувачко вербално, физичко и/или социјално агресивно однесување кое има намера да предизвика физички, социјални и/или психолошки повредувања. *Булингот* може да се случи лично или преку интернет, преку разни дигитални платформи и уреди и може да биде очигледно (видливо) или скриено“[7].

Врсничкото насилство може да биде **физичко и вербално**[8]. Физичкото опфаќа удирање, клоцање, туркање, штипење, удирање на шамар и слично. Вербалното насилство го следи физичкото и подразбира навреда, ширење на гласини, исмевање, задевање. Освен овие два основни облици, кај насилството меѓу врсниците разликуваме: Емоционално насилство, социјално насилство, сексуално насилство, културно насилство и кибернасилство (*кибернасилство*).

Превентивните програми кои се насочени кон развивање на емпатија и социјални вештини кај учениците се имаат покажано како ефективни во намалувањето на инциденцата на врсничко насилство (Ttofi & Farrington, 2011). Учителите и родителите играат клучна улога во идентификувањето и реагирањето на знаците на насилство, создавајќи поддржувачка средина која го промовира почитувањето и разбирањето меѓу учениците (Smith et al., 2004).

**Кибернасилство (*кибербулинг*) и неговите појавни форми**

Кибернасилство се дефинира како намерно и повторувачко користење на дигитални технологии за да се вознемири, заплаши, или малтретира поединец или група. Тоа може да се појави во различни форми, вклучувајќи:

• Кибермалтретирање – Повторувачко испраќање на злобни или навредливи пораки преку текст, е-пошта, или социјални мрежи.

• *Киберсталкинг* – Продолжено следење и вознемирување на некого преку интернет.

• *Тролинг* – Намерно провоцирање и предизвикување конфликти на интернет за забава.

• Говори на омраза и киберзаплашувања – Користење на интернет за да се шират закани, омразни говори и дезинформации.

Кибернасилство е познато како злото на социјалните мрежи. Нов пат по кој младите многу лесно го спроведуваат, анонимно, 24/7, па така насилникот добива дополнителна храброст и олеснителна положба, бидејќи ја избегнува интеракцијата очи во очи со жртвата. На овој начин тие лесно го злоупотребуваат интернетот кој ни овозможи брза и лесна комуникација, размена на искуства и пристап до корисни информации.

*Кибербулинг* е насилство кое се одвива преку електронски средства и се дефинира како објавување на заканувачки, вознемирувачки и понижувачки текст или слики на интернет. Ова се прави преку компјутер, лаптоп, телефон, таблет или онлајн платформа за играње (Спировски Ф., 2018). Ваквото насилство може да се спроведе

[6]Конвенција за правата на детето достапна на [https://www.coe.int/mk/web/compass/convention-on-the-rights-of-the-child](https://www.coe.int/mk/web/compass/convention-on-the-rights-of-the-child) (последен пат пристапено на 07.06.2024 година);
[7] Национална стратегија (2020-2025 година) и Акциски План (2020-2022 година) за превенција и заштита на децата од насилство, декември 2019 година, стр.12;
[8] ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје ,,Брошура за врсничко насилство’’

преку разни интернет апликации за размена на пораки, веб-страници и други услуги за споделување на фотографии, онлајн игри и разговори. Исклучително е интересен кај помладата популација и кај децата, кај кои се поттикнува љубопитноста и чувство на слобода.

„Насилниците“ најчесто се скриени под некои лажни имиња и прекари бидејќи во реалноста тие не би биле доволно храбри да ја изнесат истата содржина што ја прикажуваат при виртуелната комуникација. Од друга страна, жртвата се наоѓа во уште полоша положба бидејќи на напаѓачот најчесто му се приклучува група на луѓе кои го подржуваат или сакаат да прават шеги на друга сметка, а го занемаруваат фактот дека со тоа и тие помагаат при ширењето на омраза.

Нападите можат да бидат директни или индиректни.

Директни се тогаш кога кон детето се праќаат вознемирувачки пораки на мобилен телефон, по е-пошта и четови, потоа вознемирувачки фотографии по пат на ММС-пораки на мобилен телефон или на социјалните мрежи, порнографски содржини или вируси по пат на електронска пошта или социјалните мрежи, на мобилен телефон, потоа кога има групно отфрлање, исклучување на детето од комуникација на социјалните мрежи со другите и негова изолација.

Индиректен напад е кога на детето ќе му се украде или ќе му се промени лозинката, па се објавуваат негови приватни податоци или пак измислени, невистинити податоци за него на четови, блогови или интернет-страници и на социјалните мрежи[9].

**Карактеристики на кибернасилство**

Кибернасилство се одликува со неколку клучни карактеристики: анонимност, постојаност и широк опсег на публика. За разлика од традиционалното малтретирање, сторителите на кибернасилство можат да останат анонимни, што го отежнува нивното идентификување и спречување (Patchin & Hinduja, 2015). Постојаноста значи дека нападите можат да се случуваат во секое време и се достапни за јавноста 24/7 што ги прави неизбежни за жртвите (Kowalski et al.2014). Дополнително, пораките и содржините поврзани со кибернасилство можат брзо да се прошират и да достигнат голем број луѓе, зголемувајќи ја траумата на жртвите (Smith et al., 201). Еве некои од по очигледните појавни облици на кибернасилство:

- Вознемирување – константно или повремено праќање навредливи, вознемирувачки и груби пораки и/или порнографски материјали.
- Лажно претставување – имитирање – пробивање во туѓи, кориснички сметки и праќање лажни, засрамувачки пораки во туѓо име, преземање туѓ идентитет.
- Омаловажување – пишување гласини или други неточни изјави кои може да наштетат некому, како и слики со понижувачка содржина и лични информации и нивно праќање или објавување на интернет измамување и јавно откривање.
- Споделување туѓи лични податоци или информации, или измамување некого за да ги сподели своите тајни со цел да се препратат на други.
- Праќање лути пораки со вулгарна содржина и кибердемнење.
- Константно заплашување на жртвата за својата безбедност и исклучување од социјалната средина.

Насилството врз децата во киберпросторот се изразува преку некоја од следните форми[10]:

---

[9] ЈУ Завод за социјални дејности - ,,Брошура за врсничко насилство’’ Скопје
[10] https://www.pravdiko.mk/nasilstvo-vrz-detsata-vo-sajber-prostorot-osvrt-na-megunarodnata-pravna-ramka/ (последен пат пристапено на 07.06.2024 година);

- Производство, дистрибуција, употреба или поседување на материјали кои прикажуваат сексуална злоупотреба на деца, т.е. детска порнографија (анг. child abuse images или child pornography).
- Подведување, уште познато како онлајн поканување кое се манифестира како придобивање на довербата на детето со цел негово вовлекување во ситуација која може да му наштети (анг. grooming или solicitation of a child for sexual purposes).
- Вознемирување (анг. harassment), заплашување (анг. intimidation) и малтретирање (анг. bullying).
- Изложеност на материјали што можат да предизвикаат штета врз психолошкиот или физичкиот развој на детето, вклучително и изложеност на насилни содржини и говор на омраза (анг. exposure to harmful materials).

Кибернасилство е 24/7 насилство затоа што младите се секогаш конектирани на социјалните мрежи и тоа ги прави цел на насилство достапно 24/7 каде и да се. Насилната содржина може да биде споделена на огромна публика во краток временски период. Секој може да врши интернет насилство врз секого.

**Ефекти од кибернасилство**

Кибернасилство има значителни последици врз менталното здравје и благосостојба на децата. Според одредени студии, децата кои се жртви на кибернасилство често доживуваат анксиозност, депресија, ниска самодоверба па дури и самоубиствени мисли (Patchin & Hinduja, 2018). Дополнително, за разлика од традиционалното насилство, кибернасилство може да се случи во секое време и насекаде, без можност за бегство што дополнително го зголемува стресот и вознемиреноста кај жртвите (Kowalski et al., 2014)

Ефекти од кибернасилство може да траат подолго време и да влијаат врз жртвата:

- <u>Ментално</u> – се чувствува вознемирено, збунето, разлутено.
- <u>Емоционално</u> – се чувствува засрамено или губи интерес за работи кои претходно ги сакала.
- <u>Физички</u> – се чувствува изморено[11].

Последица од онлајн насилството може да е повлекување на жртвата од другарите и семејството, да зборува сама со себе, да има грижа на совест за нешто што не е виновна. Личноста изложена на онлајн насилство како последица од истото може да изгуби интерес за работите во кои обично уживала. Исмевањето и вознемирувањето од другите може да ја спречат жртвата да проговори или да не се обиде да го реши проблемот.

Бегањето од часови исто така се јавува како последица на кибернасилство. Младите бегаат од училиштето и како утеха за тоа што се жртви на кибернасилство наоѓаат во алкохолот или дрогата или пак со насилничко однесување.

**Заштита од кибернасилство**

Заштитата од кибернасилство вклучува комбинација на превентивни и реактивни мерки насочени кон намалување на инциденцата и ефектите од оваа форма на насилство. Превенцијата започнува со едукација на учениците, родителите и наставниците за природата на кибернасилство и неговите последици. Програмите за дигитална писменост и едукација за безбедност на интернет можат да ги опремат децата со вештини за препознавање и справување со кибернасилство (Willard, 2007). Реактивните мерки вклучуваат воспоставување јасни политики и процедури за пријавување и справување со инциденти на кибернасилство. Училиштата треба да имаат доверливи и лесни начини за пријавување на случаите, како и поддршка за жртвите преку советување и психолошка помош (Hinduja & Patchin, 2014). Социјалните

---

[11] https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/ - последен пат пристапено на 07.06.2024 година

платформи исто така играат клучна улога преку имплементирање на алатки за филтрирање и блокирање на злоупотребувачи содржини и корисници (Patchin & Hinduja, 2015)

Младите лица и нивните родители исто така треба да бидат свесни за обврските кои ги имаат при користење на Интернет. Училиштата исто така треба да посветат повеќе внимание на прашањето интернет насилство врз учениците. Поголема едукација на децата за штетните последици кои ги носи кибернасилство како и пostручен кадар за да може да се справи со жртвите на насилство.

**Правосуден одговор на кибернасилство**

За да се справи со кибернасилство, правосудниот систем мора да се адаптира и да создаде соодветни правни рамки. Во многу земји, закони за кибернасилство веќе се воспоставени, но нивната имплементација и ефективност сè уште се предмет на дебата. На пример, во САД, Законот за спречување на кибермалтретирање („Megan Meier Cyberbullying Prevention Act“) е еден од првите обиди да се регулира ова прашање (Hinduja & Patchin, 2014). Во Европската Унија, директивите и препораките се насочени кон заштита на децата од онлајн злоупотреби (Livingstone & Haddon, 2009).

Согласно македонските законски и подзаконски акти – секое училиште е должно да има свој Правилник за спречување на насилство меѓу учениците и задолжително содржината на тој Правилник да им е достапна на учениците за да се запознаат со истата.

Целите на овие правилници вклучуваат обезбедување на систематски пристап за поттикнување на когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на ученикот, развивање самодоверба и свесност за својата индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитување за почитување на различностите и човековите права, подготвување на учениците за одговорен живот во слободно и демократско општество и унапредување на здравиот начин на живеење. Остварувањето на овие цели не е возможно доколку училиштата не се безбедни средини, доколку насилството се премолчува, жртвите се оставаат сами на себе, а сторителите не се санкционираат со што премолчено се оправдува насилното однесување[12].

Сепак едукацијата на децата за препознавање и заштита од насилство, уште од најмала возраст има најголемо влијание во заштита од сите видови на врсничко насилство. Конкретно за кибернасилство, откако се намали возрасната граница на корисници на Интернет и социјалните мрежи и на децата им е овозможено слободен пристап до најразлични содржини на интернет страниците, се повеќе се појавува потребата од нивна едукација во правец на претпазливост и внимателност при користење на социјалните мрежи. Претпазливост во смисла на разликување што е вистина, а што лага на социјалните мрежи, и внимателност при споделувањето објави особено кога станува збор за приватни информации.

Превенцијата преку едукација е еден од најефективните начини за борба против кибернасилство. Образовните институции треба да воспостават програми кои ќе ги учат децата за опасностите од кибернасилство и како да го избегнуваат. Партнерството помеѓу училишта, родители и технологиски компании може да создаде безбедно онлајн опкружување (Willard, 2007).

Технологијата може да биде и решение за проблемот кој го создава. Социјалните мрежи и платформите можат да имплементираат напредни филтри и алатки за детекција на насилно однесување и содржини. Дополнително, развојот на апликации кои овозможуваат анонимно пријавување на кибернасилство може да ги охрабри жртвите да зборуваат за своите искуства (Dehue et al., 2008).

[12] Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино (,,Службен весник на РСМ,,бр.161/2019 год.)

*Одлики на дете кое врши кибернасилство:* Поминува повеќе време пред компјутер или телефон, секојдневно се поврзува со различни онлајн профили и сајтови, има таен профил на социјалните мрежи или други онлајн платформи, често се повикува на интернет за решавање на своите проблеми или конфликти, покажува изменето однесување или емоции по користењето на интернет и има понизен социјален или емотивен капацитет во реалниот свет.

**Правна поддршка за жртвите**

Жртвите на кибернасилство треба да имаат пристап до правна поддршка и ресурси. Ова може да вклучува правни совети, психолошка поддршка и услуги за медијација. Правосудниот систем треба да ги обезбеди овие услуги за да се осигура дека жртвите се заштитени и дека сторителите се соочуваат со соодветни казни (Bauman, 2013).

*Одлики на дете кое е жртва на кибернасилство:* Се чувствува изолирано и самотно, покажува знаци на депресија или анксиозност, се повлекува од пријателите или пак не се среќава со нив редовно, има изменето однесување или реакции на онлајн активности, има физички или психички проблеми како резултат на кибернасилство, има проблеми како што се: губење на интереси, соништа или апетит.

**ЈАВНА СОБА – Телеграм апликација**

Најблизок пример за кибернасилство со кои се соочивме е случајот со „Јавна соба“ кој ја потресе целата јавност. Преку затворена група на социјалната мрежа Телеграм со наслов „Јавна соба“, македонски средношколци во најголем број, меѓу нив и возрасни личности скриени под лажни имиња, споделуваа и коментираа интимни фотографии и видеа на малолетни девојчиња од земјава, најчесто нивни врснички. Преку сознанијата и реакциите на некои од средношколците кои пристапиле до групата, појаснуваат дека дел од сликите кои се објавуваат и коментираат се преземени од отворени профили. Сепак, додаваат дека дел од нив биле испратени преку приватни пораки, но потоа се нашле во „Јавна соба“ на Телеграм. Најголемиот дел им припаѓаат на малолетни девојчиња[13]. Двајцата креатор и администратор на групата, во март 2022 година во Кривичниот суд во Скопје се осудени на 4 години казна затвор за објавување на порнографска видео-содржина со малолетно лице[14].

**Правна регулатива поврзана со кибернасилство**

Правото со тешкотии го одржува чекорот со технологијата, евидентни се напорите за регулирање на хаотичниот и динамичен киберпростор со донесување на нови меѓународни правни акти, како и толкување на постојните во согласност со новонастанатите околности од експанзијата на ИКТ и засилената потреба од заштита на децата во киберпросторот. Креирањето на соодветна правна рамка, претставува еден од првите и неизбежни чекори во обезбедувањето на ефективна заштита на децата во новиот киберсвет.

***<u>Меѓународни правни извори</u>***

<u>Конвенцијата за компјутерски криминал на Советот на Европа</u>[15]

Конвенцијата содржи материјални и процесни норми и норми за меѓународна соработка. Одредбите од областа на материјалното право се однесуваат на недозволен пристап, недозволено пресретнување, упад во податоци, упад во систем, злоупотреба на уред, фалсификување поврзано со компјутер, измама поврзана со компјутер, дела поврзани со детска порнографија, дела поврзани со повреда на авторски и други сродни

[13] https://netpress.com.mk/vo-zatvorena-grupa-na-telegram-avna-soba-makedonski-srednoshkolci-spodeluvaat-eksplicitni-fotografii-na-svoi-vrsnici/ - последен пат пристапено на 06.06.2024 година;
[14] https://akademik.mk/sudenje/vrhoven-sud-soopshtenie-za-donesena-presuda-po-predmetot-javna-soba/ - последен пат пристапено на 06.06.2024 година;
[15] Законот за ратификација на Конвенцијата за компјутерски криминал, Бр. 07-2623/1, Скопје 2004 година.

права. Советот на Европа ја усвои Конвенцијата за компјутерски криминал во Будимпешта на 23.11.2001 година. Како потписнички на Конвенцијата се јавуваат вкупно 58 држави, од кои 28 со ратификација. Конвенцијата беше потпишана од Македонија на 23.11.2001 година, ратификувана на 15.9.2004 година, а влезе во сила на 1.1.2005 година. На Конвенцијата за компјутерски криминал подоцна се надоврзуваат и Конвенцијата за заштита на личните права при автоматизиран процес на обработка на личните податоци со амандманите, Дополнителниот протокол за авторизиран проток на лични податоци надвор од државата, Дополнителен протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал за заштита од расизам и ксенофобија, Конвенција за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба и директивите на ЕУ.

Конвенција за правата на детето на ООН[16], не ни дава директни одредби за заштита на децата во киберпросторот. Обезбедува значајни насоки за остварување на правата на детето вклучено на Интернет.

***Домашна правна рамка која го регулира компјутерскиот криминал***

Кривичниот законик (КЗ)[17], Законот за кривичната постапка (ЗКП)[18], Законот за електронските комуникации[19], Законот за следење на комуникациите[20], Законот за електронска трговија, Законот за електронско управување и електронски услуги[21], Законот за парнична постапка[22], Законот за основното образование[23], Законот за социјална заштита[24], Закон за правда на децата[25], Закон за заштита на децата[26], Декларацијата за побезбеден интернет.

Кривични дела кои се јавуваат во делот на компјутерскиот криминал во нашиот Кривичен Законик[27]:

- член 144 – Загрозување на сигурноста
- член 147 – Повреда на тајноста на писмата или други пратки
- член 149 – Злоупотреба на лични податоци
- член 149-а – Спречување на пристап кон јавен информатички систем
- член 157-б – Пиратерија на аудиовизуелно дело
- член 157-в – Пиратерија на фонограм
- член 193 – Покажување на порнографски материјал на дете
- член 193-а – Производство и дистрибуција на детска порнографија
- член 193-б – Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години
- член 251 – Оштетување или неовластено навлегување во компјутерски систем
- член 251-а – Правење и внесување на компјутерски вируси

[16] Конвенција за правата на детето, резолуција бр. 44/25, 1989 година;
[17] Кривичен Законик на РСМ (Службен весник на РСМ од 07.09.2023'')
[18] Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.150/2010;бр. 100/12 и бр.198/18)
[19] Закон за електронските комуникации (,,Службен весник на РМ бр.39/2014'')
[20] Закон за следење на комуникациите (Службен весник на РСМ бр.71/2018 од 19.04.2018'')
[21] Закон за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.98/2019 од 21.05.2019'')
[22] Закон за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.7/2011'')
[23]Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20);
[24] Закон за социјалната заштита (,,Службен весник на РСМ бр. 32/2024 од 12.02.2024'')
[25] Закон за правда за децата (,,Службен весник на РСМ“ бр.66/24 од 20.03.2024'');
[26] Закон за заштита на децата (,,Службен весник на РСМ од 07.11.2022'')
[27] Кривичен Законик (Службен весник на Република Македонија бр.37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014 и 160/2014);

- член 251-б – Компјутерска измама.

За превенција на кибернасилството се залага и Министерството за образование и наука (МОН) кое има отворено електронски адреси каде децата или родителите можат да пријават било каков вид на меѓуврсничко насилство. Сето ова со цел подигање на свеста кај младите за ненасилно и толерантно однесување меѓу себе. Адресите се: prijavinasilstvo@mon.gov.mk и на paraqitdhune@mon.gov.mk и уште од самото отворање имало дваесет пријави за меѓуврсничко насилство[28]. Од МОН изјавуваат дека расте бројот на пријави за кибербулинг откако се отворени електронските адреси за пријавување.

**Заклучок**

Бројните и разновидни потенцијални закани кои ги загрозуваат информационите системи во институциите, организациите и училиштата, а посебно оние кои имаат карактер на криминални дела, недвосмислено ја наметнуваат потребата за изградба на соодветни системи за заштита на дигиталните податоци во компјутерските мрежи. Во ниеден момент не смее да се заборави фактот дека не постои апсолутна заштита на интернет и дека секој информационен систем е изложен на ризици, но со навремено дејствување, големината на постоечкиот ризик, можно е да се доведе во прифатливи граници.

Кибернасилство е сериозен проблем кој бара интегриран пристап од страна на правосудниот систем, образовните институции, технологиските компании и меѓународната заедница. Законодавните мерки, едукацијата, технолошките решенија, правната поддршка и меѓународната соработка се клучни компоненти во борбата против кибернасилство.

Кибербулингот тешко се спречува, но најтешко е навременото откривање од причина што многу доцна се забележуваат штетите кои се настанати, со што лицето кое го сторило ова насилство има доста време да ги прикрие или избрише сите траги а кај жртвата за тоа време може да настанат сериозни нарушувања по здравјето.

**Користена литература**

Bauman, S. (2013). Cyberbullying: What counselors need to know. Alexandria, VA: American Counseling Association.

*Dehue, F*., *Bolman*, *C., & Völlink, T*. (2008). Cyberbullying: Youngsters' experiences and parental perception. CyberPsychology & Behavior, 11(2), 217-223.

*Espelage, D. L., & Swearer, S. M.* (2003). Research on school bullying and victimization: What have we learned and where do we go from here? School Psychology Review, 32(3), 365-383.

*Hinduja, S., & Patchin, J. W.* (2014). Bullying beyond the schoolyard: Preventing and responding to cyberbullying. Thousand Oaks, CA: Corwin Press.

*Kim, Y. S., Leventhal, B. L., Koh, Y. J., & Boyce, W. T.* (2006). Bullying increased suicide risk: Prospective study of Korean adolescents. Archives of Suicide Research, 10(4), 335-342.

*Kowalski, R. M., Giumetti, G. W., Schroeder, A. N., & Lattanner, M. R.* (2014). Bullying in the digital age: A critical review and meta-analysis of cyberbullying research among youth. Psychological Bulletin, 140(4), 1073-1137.

*Livingstone, S., & Haddon, L.* (2009). EU Kids Online: Final report 2009. LSE, London: EU Kids Online.

Olweus, D. (1993). Bullying at school: What we know and what we can do. Oxford: Blackwell Publishers.

[28] https://www.slobodnaevropa.mk/ - последен пат пристапено на 07.06.2024 година;

*Patchin, J. W., & Hinduja, S*. (2018). The nature and extent of cyberbullying among adolescents in the United States. International Journal of Youth and Adolescence, 47(5), 731-749.

*Smith, P. K., Mahdavi, J., Carvalho, M., Fisher, S., Russell, S., & Tippett, N.* (2018). Cyberbullying: Its nature and impact in secondary school pupils. Journal of Child Psychology and Psychiatry, 49(4), 376-385.

*Smith, P. K., Talamelli, L., Cowie, H., Naylor, P., & Chauhan, P.* (2004). Profiles of non-victims, escaped victims, continuing victims and new victims of school bullying. British Journal of Educational Psychology, 74(4), 565-581.

*Ttofi, M. M., & Farrington, D. P.* (2011). Effectiveness of school-based programs to reduce bullying: A systematic and meta-analytic review. Journal of Experimental Criminology, 7(1), 27-56.

Willard, N. (2007). Cyberbullying and cyberthreats: Responding to the challenge of online social aggression, threats, and distress. Champaign, IL: Research Press .

https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%20%D1%84%D0%B5%D0%B2%D1%80%D1%83%D0%B0%D1%80%D0%B8%202021-converted.pdf

https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf

https://jhrmk.org/wp-content/uploads/2018/11/Modul_5_SAJBER-NASILSTVO.pdf

https://www.unicef.org/northmacedonia/mk

https://pretsedatel.mk/wp-content/uploads/2020/03/Krivicen-zakonik.pdf